Сиг.

МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ
ПЕДАГОШКИ ЗАВОД НА МАКЕДОНИЈА

ФАРЕ – ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМА НА СРЕДНОТО СТРУЧНО ОБРАЗОВАНИЕ И ОБУКА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО

# *ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА*

за II година

Скопје, мај 2000 година

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

1.1. **Назив на наставниот предмет : ИСТОРИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
1.2. **Образовен профил и струка :**
1.2.1. Образовен профил: СИТЕ ПРОФИЛИ
1.2.2. Струка : СИТЕ СТРУКИ
1.3. **Диференцијација на наставниот предмет**
1.3.1. Општообразовен предмет
1.4. **Година (фаза) на изучување на наставниот предмет :** ВТОРА ГОДИНА
1.5. **Број на часови на наставниот предмет**
1.5.1. Број на часови неделно ( неделен контакт) : 2 часа
1.5.2. Број на часови годишно ( квота на изучување) : 72 часа
1.6. **Статус на наставниот предмет :** ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ПРЕДМЕТ

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Цел на наставата по историја, е ученикот да усвои суштински, систематизирани и научно потврдени знаења за историјата на Македонија, да ги разбере и почитува историските настани и процеси на тлото на Македонија, да гради вредносен систем на мислења, ставови, погледи и да ја продлабочи историската свест и култура за вклучување во современите настани и процеси.

**2.1. О п ш т и ц е л и**:
- ученикот да се оспособи за самообразование ;
- да го поттикне критичкото мислење и мисловната активност ;
- да ги открие причинско-последичните односи меѓу историските настани и процеси ;
- да гради сопствен став и убедување ;
- да прави проценка како идеите, настаните и личностите, со текот на времето, предизвикале промени во континуитетот на историјата на македонскиот народ;
- да прави синтеза на духовниот и културниот развиток на Македонецот во сите периоди од општествениот развиток.

## 2.2. Посебни цели:

- кај ученикот да развие патриотизам, почит и љубов кон својот народ, другите народи и нациналности и чувство на моралност, припадност и лојалност во државата во која живее;
- да развие граѓанска свест и да се воспитува за мир и демократија ;
- да всади љубов и почит кон културата и културното наследство ;
- да ја забележи суштината, облиците и најважните настани од националноослободителното движење на македонскиот народ во XIX и XX век ;
- да се запознае во континуитет со економскиот, политичкиот, духовниот и културниот развиток на македонскиот народ.

# 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За да може ученикот успешно да ги следи и совлада програмските содржини предвидени за II година, неопходно е да поседува подготовки – знаења од успешно реализираните содржини во воспитно – образовната работа од I година и основното образование.

Наставната програма од основното образование е изготвена врз единствен модел на концентрични кругови, и ученикот добива знаења од општата и националната историја. Со проверување на знаењата, во почетокот на учебната година, се создаваат претпоставки за успешно следење на воспитно-образовната работа и во II година .

## 4. О Б Р А З О В Е Н   П Р О Ц Е С

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

| ТЕМАТСКИ ЦЕЛИНИ | Број часови | КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ<br>Ученикот: | ДИДАКТИЧКИ НАСОКИ | Корелација меѓу тематски целини и другите предме. |
|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **Т Е М А 1**<br>МАКЕДОНИЈА ВО АНТИКАТА<br>1.1. МАКЕДОНИЈА ВО ПРЕДИСТОРИЈАТА | 8 | - **да знае** од каде потекнува името Македонија, и да ги определи природно-географските одлики ;<br>- **да објасни** кое население живее на просторот на Македонија и кои се најстарите траги на живот – наоѓалишта. | - самостојно учење преку група форма на работа<br>- читање и анализа на избрани текстови ( Плутарх ) ; | - мајчин јазик,<br>- спорт и спортски активности<br>- активности од областа на културата |
| 1.2. ПОСТАНОК И РАЗВИТОК НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА | | - **да се запознае** за раната историја на Македонија и долготрајниот процес на нејзиното формирање;<br>- **да сознае** за зацврстувањето и ширењето на Македонската држава во време на Филип II за реформите во земјата : воена и финансиска. | - опишување на слики, илустрации, филмови за ликот на Александар, формирањето и ширењето на македонската држава; | |
| 1.3. МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА ВО ВРЕМЕ НА АЛЕКСАНДАР III | | - **да ги забележи** основните карактеристики и особености на ликот на Александар III ;<br>- **да го опише** ширењето и походот на македонската држава кон Исток;<br>- **да формира** критички поглед за улота и значењето на македонската држава.<br>- **да ги открие** причинско-последичните односи за распаѓањето на државата на Александар;<br>- **да знае** кои нови држави се формираа. | - посета на археолошки локалитет, музеј.<br>Користи:<br>- историски атлас,<br>- историска читанка,<br>- слики, цртежи, ликовен материјал.,<br>- Филип II ,<br>- Александар со коњот Букефал,<br>- Исус Христос со апостолите. | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 1.4. КУЛТУРАТА НА АНТИЧКА МАКЕДОНИЈА | | - **да ја истакне** посебноста и значењето на јазикот кај античките Македонци;<br>- **да ги објасни** причините за организирање на спортските игри;<br>- **да знае** кои се наоѓалиштата од материјалната и духовната култура во Македонија. | Филмови :<br>-Александар Македонски;<br>-Исус Христос од Назарет<br><br>Карти :<br>- Археолошки наоѓалишта во Македонија;<br>- Античка Македонија;<br>- Македонската држава во IV век пр.н.е.;<br>- Балканските земји под римска власт . | |
| 1.5. МАКЕДОНИЈА ПОД РИМСКА ВЛАСТ | | - **да ги открие** причините за македонско-римските судири;<br>- **да ги забележи** последиците од паѓањето на Македонија под римска власт;<br>- **да ги открие** причините за ширење на христијанството. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| **ТЕМА 2**<br><br>МАКЕДОНИЈА ВО СРЕДНИОТ ВЕК<br><br>2.1. ДОСЕЛУВАЊЕ НА СЛОВЕНИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА | 15 | - **да го сознае** процесот на населување на словенските племиња во Македонија;<br>- **да знае** кои словенски племиња се населиле;<br>- **да ги објасни** причините за нападите на Солун;<br>- **да го истакне** значењето на симбиозата со старото население; - -<br>- **да ги потенцира** причините за подпаѓање на Македонија под византиска и бугарска власт. | - преставување на правците на преселување на Словените ;<br><br>- читање и анализа на текстови : "Создавање на словенската писменост", "Од житието на Климента", "Востанието на Македонија во 969 г. против Византија" ;<br><br>- опишување на ликот и делото на словенските браќа преку метод на разговор ;<br><br>- решавање задача со употреба на наставни ливчиња со прашања по тежина и сложеност според составот на учениците;<br>- посета на историски локалитет, музеј.<br><br><u>Користи :</u><br>- историски атлас ;<br>- историска читанка ;<br>- слики, цртежи. | |
| 2.2. ПОЈАВА И РАЗВОЈ НА СЛОВЕНСКАТА ПИСМЕНОСТ И КУЛТУРА | | - **да се запознае** со процесот на христијанизација на Словените;<br>- **да ја истакне** улогата, работата, значењето на благородното и хумано дело на Св. Кирил и Св. Методиј за создавањето на словенската писменост и култура. | | |
| 2.3. ОХРИДСКА КНИЖЕВНА ШКОЛА | | - **да го определи** местото и значењето на дејноста на Св.Климент и Св. Наум;<br>- **да знае** за значењето на првиот словенски универзитет. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 2.4. БОГОМИЛСКО ДВИЖЕЊЕ | | - **да го објасни** богомилското движење како нова појава, религиозно и социјално движење. | <u>Карти :</u><br>- старата татковина на Словените;<br>- Македонија ( со имиња на склавиниите ) ;<br>- Самуиловото царство ;<br>- Македонија – востанијата на П.Делјан и Ѓ.Војтех ;<br><br>Ликовен материјал :<br>- цар Самуил<br>- стари македонски градови<br>- Св.Кирил и Св.Методиј. | |
| 2.5. САМУИЛОВАТА ДРЖАВА | | - **да ги открие** причинско - последичните врски за борбата на македонскиот народ против византиската и бугарската власт;<br>- **да знае** за востанието против византиската власт и создавањето на Самуиловата држава;<br>- **да ја опише** битката кај Беласица и причините за пропаѓање на државата . | | |
| 2.6. МАКЕДОНИЈА ВО **XI** и **XII** ВЕК | | - **да го објасни** воспоставувањето на византиската воена – административна управа и отпорот на македонскиот народ против византиското господство и засилената феудална експлоатација. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 2.7. МАКЕДОНИЈА ВО XIII и XIV ВЕК | | - **да го сфати** процесот на појава на одметнување на владетелите од централната власт;<br>- **да ја објасни** борбата на соседните држави за превласт во Македонија. | | |
| 2.8. ПАЃАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА ПОД ОСМАНСКА ВЛАСТ | | - **да ги уочи** општествено-политичките состојби во Македонија пред навлегувањето на османлиите;<br>- **да ја опише** Маричката битка и да знае кои се последиците во Македонија со воспоставување на османската власт. | | |
| 2.9. КУЛТУРНИТЕ ПРИЛИКИ ВО МАКЕДОНИЈА ДО КРАЈОТ НА XIV век | | - **да ја сфати** заемната поврзаност на општествените промени со културните прилики во Македонија;<br>- **да ги истакне** постигнувањата во литературата, уметноста;<br>• **да знае** каде има материјални остатоци од овој период . | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| ТЕМА 3<br><br>МАКЕДОНИЈА ПОД ОСМАНСКА ВЛАСТ ( ДО СРЕДИНАТА НА **XIX** ВЕК )<br><br>3.1. ОПШТЕСТВЕНО-ЕКОНОМСКИ И КУЛТУРНИ ПРОМЕНИ | 7 | - **да ги знае** основните белези на тимарско - спахискиот систем;<br>- **да ги разбере** причините за економ-ската експлоатација на рајата и даночниот систем ;<br>- **да го објасни** навлегувањето на тур-скиот етнички елемент и раниот процес на исламизација во Македонија. | - разбирање на настаните и процесите преку критичко мислење ;<br><br>- применување на дијалошка метода за постигнување на поголема активност ;<br><br>- користење на текст метода преку разработка на четивото " Охридската архиепископи – ја "<br><br><u>Користи :</u><br>- историска читанка ;<br>- историски атлас ;<br>- слики, цртежи, карта ;<br>- Карпошево востание . | |
| 3.2. ОТПОРИ ПРОТИВ ОСМАНСКАТА ВЛАСТ | | - **да прави** разлика помеѓу пасивните и активните форми на отпор на македонскиот народ против ос – манската власт;<br>- **да ги открие** причините за Мариовско-прилепската буна;<br>- **да ја истакне** заедничката борба на албанското, македонското и влашкото население во востанието предводено од Скендербег;<br>- **да ги опише** причините, текот, задушувањето и последиците од Карпошовото востание. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 3.3. ОХРИДСКАТА АРХИЕПИСКОПИЈА | | - **да знае** кога настанала Охридската архиепископија, и како била организирана;<br>- **да го истакне** односот на османската власт кон архиепископијата, другите религии и црковни организации. | | |
| 3.4. СЛАБЕЕЊЕ НА ОСМАНСКАТА ДРЖАВА | | - **да ги пронајде** врските и причините за длабоките внатрешни промени што го зафатиле тимарско-спахискиот систем;<br>- **да ги опише** видливите промени на македонските градови, нивната етничка структура и првите зачетоци на граѓанството. | | |

<table>
<tr><th>1</th><th>2</th><th>3</th><th>4</th><th>5</th></tr>
<tr><td>ТЕМА 4<br><br>НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНАТА БОРБА НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ДО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ<br><br>4.1. ПРЕРОДБАТА ВО МАКЕДОНИЈА</td><td>18</td><td>- да знае за разбудениот, побогат општествен живот на македонскиот народ во почетокот на XIX век кој се означува како преродба;<br>- да сфати дека отворањето на учи – лишта, литературата, уметноста, копаничарството, ја истакнуваат на преден план потребата од развивање на просветата и црковното дело во Македонија;<br>- да го истакне учеството на Македонците во востанијата на Балканот.</td><td rowspan="2">- решавање на проблем, т.е. истражувачка активност преку самостојна работа ;<br><br>- собирање материјали, прибирање податоци, проучување ликови од локалната историја ;<br><br>- формирање катче – музеј, спомен соба;<br><br>- развивање на историско мислење преку користење на учебник и друга историска и уметничка литература ;<br><br>- читање и анализа на текстови "Првите македонски учебникари", Разловечкото востание 1876 година", "Кресненкото востание 1878 година", " Последните унатства за кревање на Илинденското востание", " Крушевски манифест .</td><td></td></tr>
<tr><td>4.2. ИСТОЧНАТА КРИЗА И МАКЕДОНИЈА</td><td></td><td>- да го поврзе незадоволството на поробените балкански народи во седумдесеттите години на XIX в. што се изразило во масовни востанија;<br>- да го разбере руското влијание на Балканот преку создавањето на Сан Стефанска Бугарија;<br>- да ја објасни длабоката неправда спрема македонскиот народ Берлинскиот конгрес.</td><td></td></tr>
</table>

<table>
<tr><th>1</th><th>2</th><th>3</th><th>4</th><th>5</th></tr>
<tr><td>4.3. РАЗЛОВЕЧКО ВОСТАНИЕ</td><td></td><td>- да го разбере револтот на маке - донскиот народ во Пијанечкиот крај што го изразил преку сена – родно востание за ослободување од османската власт;<br>- да сфати дека ова востание е вовед во борбеното искуство на македонскиот народ за наредните востанија.</td><td rowspan="3"><u>Користи :</u><br><br>- историски атлас ;<br>- историска читанка<br>- цртежи, слики, портрети .<br><br><u>Карти :</u><br><br>- Македонија за време на Негушкото востание;<br>- Македонија за време на Раз - ловечкото востание ;<br>- Македонија за време на Македонското востание<br><br><u>Ликовен материјал :</u><br><br>- познати преродбеници ;<br>- познати револуционери ;<br>- Мечкин камен ;<br>- штабот на востанието во Крушево .<br><br><u>Филм :</u><br><br>- Илинден ;<br>- Републиката во пламен .</td><td rowspan="3"></td></tr>
<tr><td>4.4. МАКЕДОНСКО КРЕСНЕНСКО ВОСТАНИЕ</td><td></td><td>- да ги уочи причините за Кресненското востание кое било најизразено во Источна Македонија;<br>- да ја сфати основната цел на востанието : ослободување и конституирање на македонската држава, изградба на власт која ќе биде на народна и верска толеранција;<br>- да сфати дека ова востание е мошне значајно и е прва фаза на патот кон оформување на револуционерна организација за конечно ослободување на Македонија.</td></tr>
<tr><td>4.5 ПРОПАГАНДИТЕ И ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД НИВНОТО ДЕЈСТВУВАЊЕ</td><td></td><td>- да знае дека соседните балкански држави развиле широка пропагандна активност за асимилација и денационализација на македонскиот народ;<br>- да сфати дека македонскиот народ не можел да се помири со злосторската активност на туѓите пропаганди, тој се борел против туѓото духовно и политичко господство.</td></tr>
</table>

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 4.6. МАКЕДОНСКАТА РЕВОЛУЦИОНЕРНА ОРГАНИЗАЦИЈА | | - **да ја разбере** улогата и значењето на идната революционерна дејност во Македонија,;<br>- **да сфати** дека основната цел на МРО била: "да ги обедини во едно цело сите неделиви елементи во Македонија - Одринско без разлика на народност за издвојување политичка автономија преку револуција"<br>- да развие чувство на почит, доверба, отвореност кон револуционерното дело на македонските великани во јакнењето на националноослободителната борба на македонскиот народ. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 4.7. ВРХОВНИОТ МАКЕДОНСКИ КОМИТЕТ И НЕГОВАТА ДЕЈНОСТ | | - **да знае** за формирањето на МК, кои биле нивните цели и односот со МРО ;<br>- **да сфати** дека врховниот комитет во Бугарија имал намера МРО да ја потчини на интересите на бугарската државна политика. | | |
| 4.8. ИЛИНДЕНСКОТО ВОСТАНИЕ | | - **да ги објасни** основните цели на вооруженото востание во Македонија;<br>- **да ги сфати** одлуките на Солунскиот и Смилевскиот конгрес за почеток на востанието;<br>- **да знае** какво е учеството на националностите во востанието. | | |
| 4.9. КРУШЕВСКА РЕПУБЛИКА | | - **да формира** позитивен став дека во Крушево е формирана привремена востаничка власт со елементи на државност;<br>- **да сфати** дека Крушевскиот Манифест е оплеменет со хуманистички идеи со револуционерен демократизам и високи принципи на еднаквост;<br>- **да поттикне** свест за трајните идеали на револуционерните традиции на македонскиот народ за негова натамошна борба за слобода и независност . | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 4.10. ПОЛОЖБАТА ВО МАКЕДОНИЈА ПО ВОСТАНИЕТО | | - **да направи** преглед од последиците на Илинденското востание,<br>- **да ја сфати** суштината на Мирцштетските реформи;<br>- **да направи** проценка на понатамошната иднина на македонското револуционерно движење. | | |
| 4.11. МАКЕДОНИЈА ВО ВРЕМЕ НА МЛАДОТУРСКОТО ВЛАДЕЕЊЕ | | - **да ги разбере** идеите на Младотурската револуција: целост на Отоманската империја, уништување на апсолутизмот, враќање на уставноста т.е. реформи;<br>- **да ја сфати** положбата на македонското револуционерно движење во врска со младотурскиот режим. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| ТЕМА 5<br><br>МАКЕДОНИЈА ОД БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ ДО НЕЗАВИСНОСТА<br><br>5.1. МАКЕДОНИЈА ВО БАЛКАНСКИТЕ ВОЈНИ | 18 | - **да знае** да ги открие причините за создавањето на балканскиот антитурски сојуз;<br>- **да разбере** дека најважните судири се одиграле на територијата на Македонија,а македонскиот народ зел активно учество во војната;<br>- **да ги истакне** активностите на македонската емиграција во Лондон;<br>- **да сфати** дека Втората балканска војна а особено Букурешкиот мир, ја разби целината на македонскиот народ. | - опишување на актуелните настани, не само хоризонтално туку и вертикално низ хронолошка и каузална поврзаност во духот на новото време ;<br><br>- градење критичко мислење, разбирање и почитување на другите гледања на историските настани и процеси ;<br><br>- актуелизација на настаните и процесите.<br><br><u>Користи :</u><br><br>- историски атлас ;<br>- историска читанка ;<br>- слики, цртежи. | |
| 5.2. МАКЕДОНИЈА ВО ПРВАТА СВЕТСКА ВОЈНА | | - **да сознае** дека Македонија во годините на војната била поделена и претворена во арена на уништување и пустошење;<br>- **да разбере** дека и покрај живата активност не македонската емиграција, сепак Париската конференција ги санкционирала одредбите на Букурешкиот мир од 1913 година. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| --- | --- | --- | --- | --- |
| 5.3. МАКЕДОНИЈА ПОД ВЛАСТА НА СОСЕДИТЕ | | - **да прави** разлика, споредба и да ја опише дејноста на Македонците во новите услови и промени во кои се најдоа трите дела на Македонија под власта на соседите . | <u>Карти :</u><br><br>- Прва светска војна<br>- Втора светска војна;<br>- Окупирана и поделена Македонија;<br>- Македонија ( развој на НОВ во 1942 – 1943 година ).<br><br><u>Ликовен материјал:</u><br><br>- Првото заседание на АСНОМ . | |
| 5.4. МАКЕДОНИЈА ВО ВТОРАТА СВЕТСКА ВОЈНА | | - **да сфати** дека и во Втората светска војна, Македонија беше поделена и доби нова окупаторска административно-полициска власт;<br>- **да објасни** дека во сите делови на Македонија започна вооружениот отпор и во наредните години се создаде народноослободителна војска која означуваше нов квалитет во водење на оружената борба. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 5.5. НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ ВО ПИРИНСКИОТ И ЕГЕЈСКИОТ ДЕЛ НА МАКЕДОНИЈА | | - **да ја поврзе** борбата на Македонците во Пиринскиот и Егејскиот дел на Македонија;<br>- **да ја истакне** големата улога на овие делови против фашистичкиот окупатор. | | |
| 5.6. СОЗДАВАЊЕ НА МАКЕДОНСКАТА ДРЖАВА | | - **да го истакне** големото политичко и воено значење на Февруарскиот поход;<br>- **да сфати** дека со пролетната офанзива,Македонија практично претставуваше слободна територија ;<br>- **да разбере** дека АСНОМ претставува државно конституирање на македонскиот народ и народности во Македонија . | | |
| 5.7. НАРОДНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ВО РАМКИТЕ НА ЈУГОСЛОВЕНСКАТА ФЕДЕРАЦИЈА | | - **да го проследи** значењето на Република Македонија во рамките на Југословенската федерација;<br>- **да сфати** дека Македонија имала свое уставно уредување, што значи постоела како држава. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 5.8. ОБРАЗОВАНИЕ, НАУКА И КУЛТУРА | | - **да го развие** чувството на припадност, бидејќи Македонија во овој период ја создаде азбуката и овозможи развиток во образованието, науката и културата. | | |
| 5.9. МАКЕДОНСКАТА ПРАВОСЛАВНА ЦРКВА И ДРУГИТЕ ВЕРСКИ ЗАЕДНИЦИ | | - **да знае** за обновената Охридска архиепископија;<br>- **да ја истакне** улогата на признатата православна црква, да ги разбере улогата, значењето на исламската и другите верски задници . | | |
| 5.10. САМОСТОЈНА И НЕЗАВИСНА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | | - **да го сфати** процесот на осамостојување на Република Македонија;<br>- **да знае** за повеќе партиски избори, референдум, донесување на првиот Устав на самостојна, суверена и независна Македонија. | | |

| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
|---|---|---|---|---|
| 5.11. МАКЕДОНЦИТЕ ВО СВЕТОТ И НАЦИОНАЛНОСТИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА | | - **да ги уочи** причините за иселувањето од Македонија;<br>- **да го сфати** културно-просветното и национално-политичкото организирање на иселениците;<br>- **да поттикне** свест на постојана врска на иселениците со татковината;<br>- **да го разбере** процесот на заедничко живеење со сите националности, дека тие се граѓани на Република Македонија со уставни права и обврски. | | |

## 4.2. Наставни методи и активности на учење

Во наставно – воспитната работа, наставникот треба да ги применува сите методи кои ги познава, методиката на наставата по историја и да ги користи творечки. Активниот избор и примена на наставните методи : вербално – текстуалната, демонстративно – илустративната, експерименталната и комбинираната, овозможуваат да се определи текот на наставниот час, т.е. какви и кои активности треба да ги исполни наставникот и ученикот.

Успехот во наставата во голема мера ќе зависи и од правилниот избор на разните организациони форми. Во зависност од карактерот, целта и задачите на наставната содржина, а тргнувајќи од конкретните услови во секое училиште, како и од местото и улогата на наставникот и ученикот, главно, се користат фронталната, индивидуалната, групната форма, програмирана работа, индивидуализирана, работа во парови и сл.

*Активности на наставникот*

Наставникот, главно, е организатор на часот, тој определува кои методи и форми ќе ги користи, осмислува како и во кој дел од часот ќе ги примени. Тој е насочувач, постојано поттикнува дискусија, објаснува, подготвува избор на наставни и нагледни средства, цртежи, шеми, графикони, демонстрира, дава инструкции за работа, ја оценува работата на учениците и ги поттикнува на самооценување, ги активира на анализа, донесување на заклучоци, врши артикулација.

*Активности на ученикот*

Активната улога и позиција на ученикот во наставата, главно, се изразува преку поттикнување и развивање на соработнички однос меѓу наставникот и ученикот, преку учење со разбирање, самостојна работа, преку користење на бројни извори на знаења, преку проблемска настава. Активностите на ученикот треба да бидат насочени кон: следење, давање одговори на поставени прашања и поставување прашања, опишување, критичко мислење и откривање на причинско-последичните врски, давање на свој суд, правилно користење на македонскиот литературен јазик, анализа, заклучок, логичко размислување и индивидуална работа.

### 4.3. Организација и реализација на наставата

Организацијата и реализацијата на наставата е во согласност со Законот за средно образование и годишната програма за работа на училиштето. Наставата се организира во училница, кабинет или специјализирана училница со примена на нагледни средства и активности што ги подготвува наставникот. Во зависност од условите и можностите, наставата може да се организира и надвор, како теренска настава, посета на музеј, архиви, изложби, археолошки локалитети и сл.

### 4.2. Наставни средства и помагала

За успешна реализација на Наставната програма по историја, наставникот ќе користи наставни средства и помагала што се определени со Нормативот за нагледни и наставни средства по историја.

За успешна реализаци настава, ќе користи аудиовизуелни средства : графоскоп, дијапроектор, кинопроектор, компјутер; ќе врши посета на историски локалитети, посета на музеи, архиви, изложби; ќе користи извори на знаења ( Зборник на документарен материјал, монографии, прирачници, енциклопедии, методика за настава по историја, карти и сл.).

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГНУВАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Следењето и вреднувањето на работата на учениците, секогаш треба да има стимулативен карактер, да мотивира и да се темели на систематска работа.

Наставникот по историја, ги вреднува усните одговори, писмените работи – домашни и училишни, рефератите, како и активностите кои ученикот ги покажува во текот на часот.

Еден од реалните инструменти за проверување и оценување на учениците е тестот. Оценката од тестот не смее да биде дефинитивна, туку напротив споредбена и да послужи за објективно заклучување на оценката.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ УСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### *6.1. Основни карактеристики на наставниците*

Наставникот треба да зрачи со својот изглед, зрелост и значајна образовна улога, стручно - дидактичко-методско знаење, способност за реализирање, оценување и усовршување на Наставната програма. Тој е лидер и менаџер во наставниот процес, организатор, креативец, планер и способен да остварува комуникација со учениците, со соодветни стручни институции, работи со талентирани ученици и оспособен да применува современи форми, методи и постапки на работа.

### 6.2. *Стандард за наставен кадар*

За реализација на Наставната програма по историја во средното стручно образование, потребни се наставни кадри кои имаат завршено студии по историја на : Филозофски факултет – Институт за историја.

6.3. *Стандард за простор и опрема*

Наставата ќе се реализира во училници и други простории, со средства и потребна опрема, според Нормативот за настава по историја.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка : април 2000 година**

**7.2. Состав на работната група :**

Јосиф Милчески, раководител, самостоен педагошки советник во ПЗМ, ПЕ-Гостивар;
М-р Ванчо Ѓорѓиев, Филозофски факуклтет - Институт за историја - Скопје;
Д-р Коста Аџиевски, професор, Филозофски факултет – Институт за историја – Скопје;
Наум Димоски, самостоен педагошки советник во пензија;
Ѓоре Здравев, професор во ОУ " Санде Масев" – Струмица.

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2000 година

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за историја на Македонија ја одобри (донесе) ________________________________________
__________________________ со решение бр.: ______________ од ______________ 2000 година